Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 26.02.2021

На 25.02.2021 околу 23.00 часот на локалниот пат Пирок-Раковец, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Ј.(28) од тетовски Пирок и Ш.С.(24) од тетовско Синичане. При нивен и преглед на возилото „ауди", со скопски регистарски ознаки, во кое тие се наоѓале, била пронајдена марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2021 во 19.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром" Скопје, при извршена проверка на Ј.Ј.(54) и Ј.Х.(49), двајцата од Р.Турција, било констатирано дека на увид приложиле фалсификувани ПЦР тестови. Тие биле приведени и предадени на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 25.02.2021 околу 20.00 часот на улица „180" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле Л.Е.(46) од Република Албанија, кој непријавено престојувала на територијата на Република Северна Македонија. Исто така, во рамки на активностите за поголем број со паркирањето во Тетово и Гостивар, во Тетово биле подигнати 7, а во Гостивар 9 непрописно паркирани возила. Покрај тоа, откриени и санкционирани се над 100 другви видови прекршоци.

На 25.02.2021 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена контрола на техника исправност на возила кои се врши јавен превоз на патници. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 6 за неисправни уреди за сопирање, 2 за неисправен уред за управување, 4 за неизвршен вонреден технички преглед и 3 недостиг на опрема. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 25 останати прекршоци.

На 25.02.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за техничка исправност на возилата кои вршат јавен превоз. при што биле откриени и санкционирани вкупно 28 прекршоци (ТЕ-18 и ГВ-10). Најголемиот број од прекршоците - 17 (ТЕ-12 и ГВ-5) се однесувале на неисправни сопирачки, 3 на неисправни уреди (ТЕ-1 и ГВ-2), 2 на истечена регистрација (ТЕ-1 и ГВ-1), а 6 на неизвршен преглед (ГВ). На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци, додека 16 возила (ТЕ) и 8 возила (ГВ) веднаш биле исклучени (за сообраќај). Исто така, во рамки на активностите за поголем број со паркирањето во Тетово и Гостивар, во Тетово биле подигнати 7, а во Гостивар 9 непрописно паркирани возила. Покрај тоа, откриени и санкционирани се над 100 другви видови прекршоци.

На 25.02.2021 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена контрола на техника исправност на возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата, 41 возило биле упатени на вонреден технички преглед, а кај 9 возила биле констатирани технички неисправности и тие биле исклучени од сообраќај. Исто така, биле констатирани и 26 останати прекршоци. Сите прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 25.02.2021 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул.„Мајка Тереза" и ул.„Елисие Поповски-Марко", патничко возило „бмв х6", со скопски регистарски ознаки, управувано од 16 - годишник од с.Синелник, скопско, удрило во пешакот Г.Ј.(58) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", се здобил пешакот. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.02.2021 на автопатот „Пријателство", од клучка Гевгелија до клучка Миравци, била спроведена акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени 4 прекршоци и на возачите им биле изречени соодветни санкции.

На 25.02.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата билее регистрирани два прекршока во Велес, кои се санкционирани со соодветни пријави.

На 25.02.2021 во 10.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.В.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Ужноморавски бригади" ќерки каснат од куче скитник.

На 25.02.2021 во 16.20 часот било пријавено дека во Куманово, на регионалниот пат Куманово - Свети Николе, патничко возило „опел астра", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.П.(40) од Куманово, излетало надвор од коловозот. Во незгодата, сопатничката З.П.(68) од Куманово се здобила со тешки телесни повреди, а возачот и друга сопатничка С.П.(60) од Куманово се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 25.02.2021 во 18.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Д.(25) од Скопје пријавила дека на ул.„Народни херои" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.С.(52) од с.Елшани, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Во текот на 2020 година на неизградено земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, доделено на стопанисување на Национален Парк „Галичица", Охрид, Р.С. дел од парцелата ја оградил и со тоа го попречувал движењето на граѓаните, а оневозможувал и проширување на асфалтираниот пат кој ги спојува нас.„Елешец" со с.Елшани.

На 25.02.2021 на подрачјето на СВР Охрид била спроведена акциска контрола кон автобуси и други возила што вршат јавен превоз. Притоа, на дополнителен технички преглед испратени се 44 автобуси (Охрид-06, Струга-19, Кичево-18, Дебар-01), а кај еден автобус од Охрид констатирани се неисправни уреди за сопирање и бил исклучен од сообраќај. Притоа откриени се и шест други прекршоци. Против правните и физички лица, сопственици на автобусите, каде се констатирани пропусти, ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против П.М.(55) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Тој, на 12.11.2020, во својство на службено лице во ЈП„Градски гробишта" во Охрид од ЈП „Охридски комунален" побарал за потребите на „Градски гробишта" камион кантер за транспорт на 800 бетонски плочки, наменети за поплочување на пат до црква во охридското село Љубаништа. Откако бил пренесени, пријавениот плочките ги пренел во дворот од своја имена куќа, која се наоѓала веднаш до црквата, со што се стекнал со противправна имотна корист од над 60.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против С.Д.(24) од Неготино и 14-годишник со претходумалите во Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторени по две кривични дела „тешка кражба" и „кражба". На 08.11.2020, пријавителот до двор од семејната куќа на Ј.Б. од Неготино одделе мобилен телефон, а на 08/09.12.2020 од продавница во Неготино одделе пари. Според исказ на оштетената, на 09.02.2021 малолетникот влегол во домот на С.В. и одјел чанти, а потоа заедно со С.Д. одделе пари. Наредниот ден двајцата пријавени одделе пари од цркваста „Успение на Пресвета Богородица" во Демир Капија.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Л.(51), Е.Г.(50) од Битола и против правно лице од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно приватно партнерство". Б.Л. и Е.Г. како одговорни лица на расписан јавен тендер-отворена постапка од Министерство за културата и заштита на културно наследство на Република Северна Македонија-Скопје, за доделување на договор за јавна набавка, успеале да бидат избрани како најповолен понуѓувач за услуги-физичко обезбедување на археолошкиот локалитет „Свети Климентов Универзитет- Плошчник" Охрид, при што се обврзале обезбедувањето на наведениот објект да го извршуваат 24 часа за времетраење од 12 месеци, почнувајќи веднаш по склучување на договорот, каде потребни се шест лица, по двајца во смена за осум часа за 24 часовно обезбедување. Пријавените не се придржувале кон обврските, на смена ангажирале по еден работник и за себе обезбедиле износ од 1.040.760 денари.

На 25.02.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Чаир, И.У.(35) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот во с.Вибегово, скопско, три лица физички го нападнале неговиот малолетен син и му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2021 во 11.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, З.Т.(49) од Скопје пријавил дека на улица „Народни Херои" бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Л.(51), Е.Г.(50) од Битола и против правно лице од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно приватно партнерство". Б.Л. и Е.Г. како одговорни лица на расписан јавен тендер-отворена постапка од Министерство за културата и заштита на културно наследство на Република Северна Македонија-Скопје, за доделување на договор за јавна набавка, успеале да бидат избрани како најповолен понуѓувач за услуги-физичко обезбедување на археолошкиот локалитет „Свети Климентов Универзитет- Плошчник" Охрид, при што се обврзале обезбедувањето на наведениот објект да го извршуваат 24 часа за времетраење од 12 месеци, почнувајќи веднаш по склучување на договорот, каде потребни се шест лица, по двајца во смена за осум часа за 24 часовно обезбедување. Пријавените не се придржувале кон обврските, на смена ангажирале по еден работник и за себе обезбедиле износ од 1.040.760 денари.

На 25.02.2021 во 19.50 часот во Полициската станица Гостивар, Ѓ.Х.(41), од Ларце, тетовско, пријавил дека бил измамен од Б.Б. од Скопје. Според пријавата, Б.Б. се претставила дека е работена во државна установа и дека може да завриши работа за да добие два социјални стана во Скопје и затоа во неколку наврати и дал пари. Откако дознал дека е измамен, Ѓ.Х. го пријавил случајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Л.С.(21) од с.Драговиште, виничко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавениот, на 16.02.2021 на социјалната мрежа „Фејсбук" неовластено влегол на корисничниот профил кој го користи Д.Н. и извршил промена на лозинка за надзивање, електронска адреса и на телефонски број, со кои го направил профилот неупотреблив за администраторот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Н.(49) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 09.11.2020 на ул. „Индира Ганди" во Скопје, пријавениот имал пиштол и откако забележал полициски службеници го фрлил пиштолот до него. Тој бил лишен од слобода во Полициската станица Чаир и од него бил одземен пиштол „uzor 50" калибар 7,65 мм.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.И.(52) од Долнени, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување согласно прописи за време на епидемија". На 22.10.2020 на магистралниот пат Гостивар-Кичево, полициски службеници од Полициската станица Гостивар при контрола на автобус „мерцедес", управуван од Б.И., кој вршел транспорт на патници, било утврдено дека не постапил според прописите, односно само констатирано дека во автобусот има повеќе патници од дозволеното.

На 25.02.2021 во 13.50 во Полициската станица Чаир, З.Х.(34) од Скопје пријавил дека во периодот од 17.30 часот на 24.02 до 13.30 часот на 25.02.2021 непознат сторителе со употреба на сила и подесен алат влегол во негов локал во трговски центар на подрачје на Чаир и одзел техничка опрема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2021 во 08.30 часот во Полициското одделение Сарај, А.Н.(77) од с.Арнакија пријавил дека на рамката на прозореот од куќата во кој живее во с.Арнакија пронашол зрно од огнено оружје. Извршен бил увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделение за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.Ш.(55) од с.Грчец, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.10.2020 на магистралниот пат Гостивар-Кичево, полициски службеници од Полициската станица Гостивар извршиле контрола на автобус „мерцедес", управуван од Н.Ш. кој вршел транспорт на патници, било утврдено дека не постапил според прописите, односно во автобусот имало повеќе патници од дозволеното, т.е. повеќе од 50% од вкупниот капацитет.

СВР Штип, до ОЈО Штип поднесе кривична пријава против Ц.М.(41) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување", казниво по член 186 став 2 в.в.ст.1 од Кривичниот законик. Пријавениот, на 23.02.2021 физички нападнал 63 - годишна соседка во нејзиниот дом во Штип и извршил обљуба над неа. Наредниот ден, 24.02.2021, пријавениот повторно физички ја нападнал оштетената.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел.: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поште: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет